МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MINISTRIA E KULTURËS E
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

# „Транснационален и вмрежувачки настан за можностите на Креативна Европа – Култура за 2024 година“

Со дискусија посветена на „Европската димензија и одржливоста на европските престолнини на културата (ЕПК 2028)“ на 6 декември (среда) во Музејот на македонската борба за самостојност во 10:30 часот, започнува дводневниот Транснационалени вмрежувачки настан посветен на можностите на програмата „Креативна Европа“- потпрограма Култура.

Претставници од градот Скопје и францускиот град Руан кои се во фаза на назначување за Европски престолнини на културата (ЕПК) за 2028 година, се поканети да ги споделат искуствата на оваа тема. Истовремено, ќе биде промовиран проектот „CreArt“ кој партнерски го спроведуваат овие два града и придобивките од Програмата Креативна Европа (Култура) на Европската Унија, а со цел да се охрабрат организациите од културните и креативните сектори во нашата држава да земат активно учество во оваа програма на Европската Унија и да ја дадат својата поддршка во претставувањето на Скопје и Руан како европски престолини на културата во 2028 година.

Претставниците на Канцелариите на Креативна Европа (Култура) од Белгија, Германија, Словенија, Албанија, Црна Гора, Србија, Грузија и од Северна Македонија, на работилниците на 6 и 7 декември, во Музејот на македонската борба и во Порта Македонија, ќе ги претстават можностите на Програмата „Креативна Европа Потпрограма Култура“ за 2024 година, како единствен инструмент на Европската Унија наменет за поддршка на европската културна соработка изразена преку културното творештво и обединување на различностите.

Професионалците ќе го претставaт спектарот на можности за финансирање за 2024 година и ќе ги споделат искуствата и предизвиците поврзани со спроведувањето на Програмата во нивните матични земји. Посебно внимание ќе се посвети на тековниот повик за „Проекти за европска соработка“ за 2024 година, за кој ќе бидат споделени и совети за подготовка на успешни апликации со европска димензија.

Организирањето на овие работилници е во контекст на заложбите на Министерството за култура за олеснување на пристапот на што поголем број корисници од културните и креативните сектори во новата програма на Европската Унија.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MINISTRIA E KULTURËS E
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Дводневниот транснационален настан е во организација на Министерството за култура и Канцеларијата за Креативна Европа (Култура), во соработка со партнерите и соработници: Градот Скопје (ЕПК 2028),Градот Руан, Франција (ЕПК 2028) и Канцелариите на Креативна Европа (Култура)од земјите членки на Европската Унија (Белгија, Германија, Словенија), земјите од Западен Балкан (Албанија, ЦрнаГора, Србија) и земјите од источното соседство на Европската Унија (Грузија).

***„Транснационален и вмрежувачки настан за можностите на Креативна Европа – Култура во 2024 година“***

***Transnational Networking Event on Opportunities within the Creative Europe Culture Sub-Programme – 2024***